Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 60/0306
23.03 20 26 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 12.03.2026 година, врз основа на примена жалба од **Граѓанското здружение за слободно медиумско изразување Трибуна** од Прилеп, ја донесе следнава:

## ОДЛУКА

## ЖАЛБАТА Е НЕОСНОВАНА

Текстот со наслов **„Имиџот на кривата макарона“,** објавен на интернет порталот на „Нова Македонија“ (novamakedonija.com.mk) на 20.01.2026 г., не отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

Жалителот до СЕММ на 12.02.2026 г., упати жалба за текстот со наслов „Имиџот на кривата макарона“, објавен на интернет порталот на „Нова Македонија“ (novamakedonija.com.mk) на 20.01.2026 г., при што се жали неточно и нефер известување, мешање на факти и мислења, вест и коментар и пристрасност и неурамнотеженост во информирањето.

Во жалбата, меѓу другото, се наведува дека „содржината на текстот делумно е неточна, односно станува збор за шпекулација, каде авторот изнесува свои гледишта и дел од текстот сам по себе е дезинформација“. Жалителот наведува дека не е точно дека во 1999 г. Претседател на Македонија бил Ѓорѓе Иванов и дека Декларацијата меѓу двете земји тогаш ја потпишале премиерите Љубчо Георгиевски и Иван Костов.

Жалителот наведува и дека „насловот и реториката во текстот се искористени да поттикне дискриминација и недоверба помеѓи двете земји“ и дека во редакцијата на „Нова Македонија“ „не го почитувале ниту го протолкувале Законот за ратификација на Договорт за пријателство, добрососедство и соработка меѓу Република Македонија и Република Бугарија“.

Во жалбата на СЕММ му е доставена целата содржина во пдф формат (компјутерски скриншот од текстот и линкот од објавата), како и образложение на жалителот.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со востановената процедура (член 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби), по приемот на жалбата стапи во контакт со медиумот и побара да се изјасни по однос на наводите во жалбата.

Притоа, го потсети медиумот и на можноста случајот да се реши по пат на медијација, пред да биде разгледуван од членовите на Комисијата за жалби. На медиумот детално му беа појаснети наводите на жалителот и основите по кои смета дека е постапено непрофесионално при известувањето.

До СЕММ во предвидениот рок не беше доставен одговор од медиумот.

## МИСЛЕЊЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека текстот со наслов „Имиџот на кривата макарона“, објавен на интернет порталот на „Нова Македонија“ (novamakedonija.com.mk) на 20.01.2026 г., не отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето, при што не е прекршен ниту еден член од Кодексот на новинарите на Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

Комисијата ги разгледа фактите поврзани со случајот и утврди дека станува збор за текст што по својата жанровска природа е коментар/колумна, а се однесува за односите меѓу Македонија и Бугарија во историски контекст од 1990 до денес – тема од јавен интерес.

Комисијата првенствено го оценуваше текстот на медиумот од етички аспект во однос на членовите на Кодексот на новинарите на Македонија, при што утврди дека не постои никаков прекршок.

Имено, низ целиот текст се повикува на нормализирање на односите, на толеранција, соработка и поддршка меѓу двата народа и двете држави, посебно имајќи ја предвид ретроспективата на односите по осамостојувањето на Македонија. Затоа Комисијата оцени дека во текстот – кој е мислење или став на авторот, не постои ниту еден елемент што може да се оквалификува како поттикнување на говор на омраза кон бугарскиот народ или став кој би градел недоверба меѓу двата народи.

Од таму, Комисијата смета дека оценките на жалителот - дека со текстот, вклучувајќи го и насловот, медиумот „Нова Македонија“ предизвикува дискриминација и се служи со говор на омраза кон бугараскиот народ, како и дискриминација и недоверба меѓу двете земји - се целосно без основа.

Комисијата се согласува со оценката на жалителот дека во дел од текстот има неточен податок околу имињата на политичарите кои пред околу три децении (во 1999 г.) ја потпишале тогашната Декларација за пријателство меѓу Македонија и Бугарија, но Комисијата, повторно гледајќи ја целината на текстот и етичките норми во Кодексот, едногласно го оцени тоа како ненамерна грешка, што може да му се случи на кој било автор кога изнесува свои ставови, мислења, па и кога станува збор за новинар. При ваквата оценка членовите на Комисијата го имаа предвид и фактот дека текстот е соодветно објавен во рубриката Мислења.

Имајќи ги предвид наведените аргументи, Комисијата смета дека нема повреда на ниту еден од членовите на Кодексот на новинарите на Македонија на кои се жали граѓанското здружение „Трибуна“, ниту пак повреда на другите членови од Кодексот.

* * *

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

Во согласност со наведеното, Комисијата едногласно одлучи како што е погоре констатирано. Во работата на Комисијата учествуваа членовите: Снежана Трпевска, Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Тамара Чаусидис, Жана Божиновска и Димитар Мицев.

Со почит,

Совет за етика во медиумите
на Македонија

Претседателка на Комисијата за жалби
Снежана Трпевска

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595